**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продложение на Сто и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јули 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,00 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 103-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Ристана Лалчевска, Кенан Хасипи, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Аднан Ќахил, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Ристо Пеовски, Ѓорѓи Трендафилов и Сашко Кедев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Застанавме кај 20-тата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, соПредлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија, со Предлог на закон.

Повелете господине Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Навистина пред нас имаме за донесување еден интересен закон. Ќе речам интересен бидејќи можеби како пратеници никогаш не сме помислувале дека можеме да донесеме и дека ќе имаме потреба да донесеме еден ваков закон со кој што фактички како и да кажуваме работата се состои во едно. Треба да донесеме закон со кој што ќе покриеме загуба од работењето на Народна банка во периодот до 2003 година. Или наједноставно кажано треба да донесеме закон со кој што закон директно заради некои неправилно работеле или работеле спротивно на законите, или пак со своето неработење придонеле во ситуација да се јави загуба во Народна банка. Сега директно ќе треба нивното неработење односно "работење" да го покријат граѓаните на Република Македонија директно од својот џеб. Ова не е ни прв пат граѓаните на Република Македонија да ги плаќаат гревовите на некој друг.

Донесувањето на законот е неопходно и ние во овој момент сакаме или не и позицијата и опозицијата мораме да гласаме за донесување на овој закон заради тоа што треба да ја имаме во предвид состојбата во која што би се довела Народна банка на Македонија ако не го изласаме овој закон.

Во расправата која беше претходно водена кога ја прекинавме седницата моите колеги долго и на широко зборуваа за овој проблем, но во оваа прилика јас сакам само едно да кажам.

Без разлика што и да се случува ние со нашите дискусии не смееме во ниеден момент да го доведеме во прашање дигнитетот, кредибилитетот и авторитетот на Народна банка на Република Македонија бидејќи тоа може да има несакани импликации по однос на контактите и соработката со меѓународните финансиски институции.

Од друга страна не смееме да си дозволиме во овој случај каде што се напоменуваат во една ситуација 20 милиони долари, во друга ситуација уште 20 милиони долари, па оштетени, меѓусебно поврзани други банки во Македонија, Стопанска банка во Битола која е оштетена од работењето на Експорт-Импорт банката, Комерцијална банка и сето тоа поврзано со одредени личности кои што во тоа време биле на високи политички функции во Република Македонија.

Морам да кажам дека колку и да вртима, како и да вртиме, како и да кажеме, како и да вртиме мора да кажеме дека директно и имплицитно директно се мисли на господинот Никола Груевски кој што бил во тоа време министер за финансии и на тогашната Влада на Република Македонија. Но да не се доведеме во една ситуација да го доведеме во прашање и дигнитетот и кредибилитетот и на тие личности кои што дали со своето работење или неработење се директно одговорни за штетите кои што настанаа во Народна банка на Република Македонија и да не се насочиме во други расправии јас во името на моите колеги од ЛДП, од пратеничката група 9 потпишани, кои што моментално се присутни тука сакам да ја искористам оваа прилика, со оглед на тоа Што согласно член 76 став 3 од Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија има право да формира анкетни комисии за испитување на одредени случаеви, а за тоа се потребни потписи од 20 пратеници ние пратениците од ЛДП сметаме дека на најдобар начин тоа можеме да го разрешиме, случајот кој што е настанат пред донесувањето на овој закон со формирање на анкетна комисија која што ќе ја испита целокупната ситуација за тоа што се случувало.Ја користам приликата да повикам уште 11 пратеници, без разлика од позиција или опозиција да ни се придружат и за наредната седница, која што е закажана за во понеделник да донесеме одлука за формирање на анкетна комисија и да видиме кој Република Македонија ја оштетил диреккно за толкава сума на пари. Кој од политичарите кои што сега многу се борат против корупцијата директно гибнале во џебот на граѓанинот на Македонија и му земале преку 30-40 милиони долари. За да видиме дали е тоа така или не е така ние бараме подршка уште од 11 пратеници да ни се потпишат, тоа е овде спремно, да формираме анкетна комисија.

Би завршил со оваа реченица, да не биде ова погрешно протолкувано, со една моја изјава, која што јас ја имав дека денес најгласни против корупцијата се најкорумпираните. Некој тоа сака да го сврти дека најгласни се граѓаните, па можеби се тие корумпирани. Не, почитувани колеги воопшто не мислам на граѓаните, мислам на тие политичари и носители на функции кои што сега и тоа како се гледа дека се борат против корупцијата а биле длабоко забраздени во полето на корупцијата.

Донесувањето на овој закон ќе го подржиме, а бараме уште 11 пратеници да ни се придружат за формирање на анкетна комисија. Посебно ќе ни биде драго ако има и од ВМРО-ДПМНЕ бидејќи се работи за личности кои што наводно биле инволвирани. За да докажеме дали биле или не можеме само со формирање на анкетна комисија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани дами и господа, колеги, почитуван министер,

Јас имам една мала мошне ситна корекција на законот за Народна банка на Република Македонија. Се додава нов став во членот 89, но позади овој мал став се крие ставот на една цела поранешна Влада на Република Македонија. Позади овој мал став се крие портретот на начинот на кој што функционираше таа власт, или портретот на спрегата толку убитачна во Република Македонија, спрегата политика и бизнис. И конечно ако сакате попрецизно портрет на еден поранешен гувернер, портрет на еден бизнисмен и протрет на едни двајца наши почитувани колеги. Едниот премиер и другиот кој што сака да стане премиер.

Но за жал и за среќа ако сакаме да направиме обид да се портретира една поранешна Влада тоа автоматски носи портретирање и на сегашната актуелна Влада на Република Македонија.

Почитувани колеги прв пат од осамостојувањето на Република Македонија Народната банка покажа загуба и тоа по завршната сметка за 2004 година, како што гледаме од она што ни е приложено во износ од 1 милијарда и 570 милиони денари. И сето тоа континуирани загуби од претходните 2001, 2002, 2003 година. Најголем дел од тие загуби се должат поради издадените гаранции на приватна Експорт-Импорт банка и фирмите врзани со таа банка. Поради тоа Народната банка мораше дел од загубата да ја покрие од нејзините резерви во висина од 854 милиони денари со што прв пат во историјата се случи банката да остане на резерви на нула и врз сето тоа да пријави дополнителна загуба од уште 720 милиони денари. Како што со страв го кажа актуелниот министер за финансии тоа е огромен удар врз систем на Република Македонија, огромен удар за Народната банка и за нејзиниот углед, и ако сакате удар врз јавната потрошувачка во Република Македонија. Меѓутоа согласно законот загубата на Народната банка се покрива од Буџетот на Република Македонија, и ако сакате во превод потрошените или земените пари ќе ги покријат граѓаните на Република Македонија.

Почитувани колеги повеќе од јасно е дека две работи мораме да направиме.

Прво е да го изгласаме овој закон поради неопходноста да не го доведеме во прашање функционирањето на Народната банка и

Второ што треба да направиме е овде отворено да поразговараме кој, како и зошто го сторил ова. На крајот на краиШтата ќе одговара ли некој за ова. Имаме обврска да го сториме тоа бидејќи загубата на Народната банка ќе се покрива од грбот на недолжните граѓани, а се поради нечии криминални дејствувања и злоупотреба на службената должност.

Но, да тргнеме по редоследот на портретираните личности од триаголникот бизнисмен, ексгуверенер, политичари, или поточно кажано на дермутскиот триаголник кој што лапна ни повеќе ни помалку туку 20 милиони долари.

Портрет број 1 на бизнисменот. Стана познат во јавноста. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Жерновски овде ќе ве прекинам. Портрети не ни требаат, дискутирајте по законот, а за тоа си има органи кои што треба тоа да го спроведат и портретите да ги одсликаат ако треба. Ве молам зборувајте по законот.

**Андреј Жерновски:** Поранешниот гувернер кој што е директно вмешан во она за кое дискутираме во овој закон, ако ги собереме сумите. . .

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине Жерновски, си има законска процедура.

**Андреј Жерновски:** Господине претседателе ако го прочитате образложението кое што е дадено од Министерството ќе видите дека токму ова се третира.

**Љупчо Јордановски:** Јас не прочитав таму дека има поранешен гувернер и такви работи, ве молам.

**Андреј Жерновски:** Тоа не е моја грешка претседателе.

Ако ги собереме сумите за кои Народната банка гарантирала, кои се наплатени од нејзината сметка за Експорт-Импорт банка се согледува фактот дека 834 милиони денари или повеќе 50% од побарувањето се однесуваат токму на побарувањата што доаѓаат од приватната Експорт-Импорт банка.

Се поставува логичното прашање зошто поранешниот гувернер издал гаранции за оваа сомнителна банка, а да биде иронијата поголема, се работи за професор на Економски факултет, токму по предметот банкарство.

Понатаму, ако знаеме дека Народната банка на Република Македонија, согласно член 32 од

Законот врши супервизија на банките и штедилниците, односно контрола на нивното работење и ако знаеме, како второ, дека согласно Законот за банки Народната банка врши надзор и над работењето на субјектите што се сметаат поврзани со банката, тогаш доаѓаме до целата констатација што за жал завршува со следниот факт, дека и по довиениот негативен субпервизорски извештај за состојбата на Експорт-Импорт банка, поранешниот гувернер се осмелил да даде гаранција. Зошто го сторил тоа? Ќе одговара ли за тоа?

Понатаму, во образложението, односно она што е направено, доаѓаме до оние, што мене ми се посебно драги во овој Парламент, до политичарите. Парите што треба да ги дадат граѓаните на Република Македонија од свој џеб ќе се случи, токму поради гаранциите што ги дале овие двајца наши поранешни колеги, односно сегашни, за жал, јас не сум во можност господине претседателе да слушнам токму од нив одговор на овие прашања, бидејќи тие што треба да се овде, за жал не се овде. Тие се должни овде да присуствуваат и да дадат одговор токму на оваа тема за која што денеска дискутираме. А не да бидат присутни само кога се дискутира за, според нив, атрактивни политички теми како што е Охридскиот рамковен договор или, не дај боже, да слушаме предава за веронауката.

Она што јас не сакам да се мешам овде, како што и вие кажавте претседателе, од самата говорница, е во работата на судската власт. Меѓутоа, се поставува одговорноста што е како некоја морална или етичка. Но, како што кажав, со нивниот потпис се случи ова што се случи.

Меѓутоа, едно е сигурно, 20-те милиони долари отидоа во приватни џебови. Некој во овој момент, ужива со тие пари и некој убаво си ги сместил своите обврски и она што се нарекува поколение. И тука, на крајот, можеби почетокот, но дефинитивно доаѓаме до врвот на целата приказна.

Зошто нашиот граѓанин е лут, испфрустриран и гневен.? Гневен е затоа што прво дознава дека некој украл милиони долари. Револтот се зголемува кога дознава дека никој не одговара за сторениот криминал и одозгора на се кога дознава дека токму тој граѓанин треба да го плати тој криминал.

Неодамна Република Македонија доби 35 милиони евра помош од ЕУ, нешто приближно на оној долг што го направи Народната банка на Република Македонија. Знаеме ли воопшто и дали сме се прашале, почитувани колеги, колку платиле до сега нашите граѓани за скандалозните одлуки, продажби итн. Никако не може да ни се случи да видиме конкретна анализа за вкупната штета што ја претрпе нашата држава од одлуките од ваков тип. Меѓутоа мораме да сватиме дека мора да се казнат тие што го прават тоа, без разлика дали се разговара за поранешни гувернери, или сегашни, дали се разговара за поранешни министри или сегашни, без разлика дали се тоа директори, пратеници итн. Сеедно, само така ќе ни верува и домашната и меѓународната јавност.

На крај дојдовме до врвот на чувството на фрустрацијата која што ја чувствува секој наш граѓанин. Кој што си го поставува прашањето за кого да гласа на следните избор? Која власт е понеправична, онаа претходната што го направи овој криминал, или оваа сегашната која што никако да го санкционира тоа.

Се разбира дел од колегите овој мој говор со право ќе го оценат како чист политички маркетинг ако не кажам дека истиот аршин треба да важи за сите. Затоа ќе го повторам она што го кажав при првото мое обраќање од оваа говорница дека оваа власт ќе ја стекне довербата на граѓаните тогаш кога ќе го санкционираат криминалот кој што беше направен од претходната власт кога паралелно со тоа ќе го санкционира и криминалот кој што беше направен по 15 септември. Затоа криминалот, за жал присутен во целиот овој период не смее да се дели на оној што е сторен од претходната и од сегашната власт.

Како што реков на почетокот и со тоа би завршил мораме да го донесеме законот и со тоа да создадеме услови Народната банка да функционира нормално, според она што и е дадено согласно со законот и Уставот на Република Македонија. Затоа пратеничката група на ЛДП ќе гласа за овој закон меѓутоа со лично горчлив вкус во устата затоа што на крај се се заврши со приказната за приватните џебо ви. 20-те милиони долари отидоа во приватен џеб, а тој криминал за жал ќе го покријат недолжните граѓани на Република Македонија токму од своите приватни џебови. Се надеваме дека навистина за ова ќе видиме разврска конечно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

(службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Во салата се присутни 66 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија .

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 62 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 61 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 63 за, 3 воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот на Народната банка на Република Македонија.

**Минуваме на точката 21-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон како и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Господине претседателе,

Заради потребата на дополнително согледување на некои правни аспекти на законот го повлекуваме законот од оваа седница и ќе го доставиме дополнително.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, законот е повлечен од дневен ред.

Треба да минеме на точката 22, но поради отсуство на министерот за економија, до неговото пристигнување давам пауза од 15 минути.

(пауза од 15,20 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,40 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Тука е претставникот на Владата, министерот за економија Фатмир Бесими.

**Минуваме на точката 22. - Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот и Предлогот на законот, како и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Воведно излагање има министерот за економија претпоставувам, повелете господине Бесими.

**Фатмир Бесими:** Почитувани дами и господа, почитувани пратеници,

По Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија би сакал кратко да ги изнесам нашите заложби за донесување на овој закон.

Основниот предизвик на земјите кои претендираат да се вклучат во регионалните и меѓународните интеграциони процеси е нивната спремност за реализација на реформите во систе области, меѓу кои и во областа на енергетиката.

Со Законот за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија се утврдува основањето, организацијата, надлежностите, начинот на работењето, раководењето и финансирањето на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот произлегува од потребата за успешно и навремено спроведување на реформите во енергетскиот сектор, подготвување и следење на реализацијата на стратешки документи од областа на енергетиката, интензивирање на развојот на енергетскиот систем во Република Македонија, формирањето на отворен и конкурентен Пазар на електрична енергија и природен гас и негово интегрирање во регионалниот и европскиот пазар, интензивирање на активностите во областа на енергетската ефикасност и поголемо вклучување на обновливите енергетски видови во енергетската потрошувачка, имплементација на Кјото протоколот во делот на ЦДМ - механизмите и друго.

Основната цел на Агенцијата за енергетика ќе биде поддршка на Владата и на енергетскиот сектор во Република Македонија во обезбедување на ефикасен и одржлив енергетски развој на државата. Таа ќе обезбеди стручна подлога за креирање на енергетската политика, стратегија на земјата и изработка на средноточни и долгорочни развојни планови, оценка на приоритетите и нивна промоција пред инвеститорите.

Институционалните капацитети на Република Македонија во областа на енергетиката се скромни и се сведуваат на Секторот за енергетика и минерални суровини при Министерството за економија и регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со строго дефинирани надлежности. Секторот за енергетика во Министерството за економија се ангажира за изготвување на стратешки документи, законска и подзаконска регулатива, припремни активности за изградба на инвестициони објекти, зголемување на енергетската ефикасност и користење на обновливите извори на енергија, додека Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија се ангажира за донесување на секундарна легислатива од областа на енергетиката со која ќе се регулира однесувањето на конкурентни услови на стопанисување, пропишување на методологија за формирање на цени, тарифни системи и услови за снабдување со одделни видови на енергија,

пропишуввање и издавање на лиценци за работа, разрешување на спорови и заштита на потрошуачите.

Ваквата состојба на нашата земја од аспект на недостиг на институционални капацитети е согледана и од страна на изготвувачите на студиите како што се: "Соработка на Европската Унија со Македонија во областа на енергетиката" од 1998 година, "Можности за инвестирање во енергетскиот сектор во Република Македонија", реализирани со финансиска поддршка од Европската комисија, изготвени од Компанијата Ексерџија, а исто така и Стратегијата за енергетската ефикасност, изготвена од компанијата Нексант, со финансиска поддршка од УСАИД. Ваквите студии конкретно предлагаат основање на Агенцијата за енергетика. На недостиг од ваква институција и потребната експертска поддршка во спроведувањето на предвидените проекти и програми укажуваат и повеќето од донаторите и потенцијалните инвеститори во оваа област во Република Македонија, како што се УСАИД, Европската банка за обнова и развој, Светската банка, Европската Агенција и други слични такви.

Основањето на Агенцијата за енергетика на Република Македонија е потребна заради неопходната поддршка во утврдување во енергетската политика, подготовка на енергетска стратегија и нејзина имплементација, изготвување на законски и други прописи, припрема на активности за реализација на инвестициони проекти, припремни активности за преобразба на енергетскиот сектор во услови на пазарно стопанисување, дефинирање на политиката за зголемување на енергетската ефикасност и заштитата на животната средина од аспект на енергетиката, користење на обновливи енергетски извори и нејзина имплементација во Република Македонија .

Со формирањето на Агенцијата надвор од Министерството, истата ќе може да ги извршува задачите со поголем интелектуален ангажман, независен од ангажманите за решавање на секојдневни тековни задачи и прашања во енерегетиката, а притоа ќе може да дава соодветни услуги и на други субјекти во Републиката и од странство за сите стратешки актуелни прашања во областа на енергетиката, да им организра изготвување на документацијата, да ги презентира моделите во законските решенија, условите за градба и друго и заедно со Министерството да се ангажира и за регионални проекти во меѓународните институции.

Со основањето на Агенцијата за енергетика Македонија ќе се вброи во редот на современите земји, во кои спаѓаат сите западно европски земји без исклучок, но и повеќето од земјите во региионот кои имаат специјализирани институции за третирање на оваа проблематика. Институционални форми како предложената Агенција егзистираат во Франција, Австрија, Белгрија, Германија, Полска, Унгарија, Словенија, Хрватска, Романија, Бугарија, Албанија и Србија и Црна Гора.

Конкретните активности на Агенцијата се предвидува да бидат во правец на: соработка во подготовка на среднорочни, долгорочни стратегии и развојни планови, подготвителни активности за воведување на реформите во енергетиката, предлагање и изработка на студии и проекти за енергетика и енергетска ефикасност, подготвителни и координативни активности за изработка на инвестициони проекти, помагање во подготовка на законски, подзаконски акти и технички прописи од областа на енергетиката, регионална соработка и координација на инвестициони проекти, регионална соработка и координација на регионални проекти и други активности.

Средствата за основање и работење на Агенцијата е предвидена да се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во рамките на Буџетот на Министерството за економија, почнувајќи од 2006 година, како и од други извори односно приходи од вршење на други активности, донации и други извори согласно закон.

Почитувани пратеници ве повикувам да гласате за Законот за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Драган Ѓорѓиев.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, почитувани пратеници,

Живееме во време кога потребите за енергија во сите држави во светот од ден во ден се зголемуваат. Постојаното зголемување на потребите од енергија доведува до постепено, но сигурно исцрпување на резервите на конвенционалните извори на енергија, како што се јагленот, нафтата и други извори на енергија. Затоа е неопходно потребно да се инвестира и во нови еколошки поприфатливи извори на енергија, како што се: природниот гас, обновливите енергетски извори и во истражувања за изнаоѓање на разни начини за експлоатација на нови извори на енергија, нови технологии, методи на штедење и енергетска ефикасност.

Затоа може да се каже дека во иднина во целиот период кој што ќе следи, еден од најголемите приоритети, односно најголемите интереси, посебно за развиените држави, но и за државите во транзиција ќе биде обезбедување на сигурни и трајни извори на енергија, заради ефикасно и одржливо снабдување на енергија на потрошувачите.

Во исто време се одвиваат и обемни реформи во енергетскиот сектор, посебно во насока на формирање на отворен и конкурентен пазар на електрична енергија и природен гас, и негово интегрирање во регионалниот и европскиот пазар на енергија.

Со цел за што поуспешно вклопување на нашата држава во глобалните процеси во областа на

енергетиката кои што претстојат, а се од суштинско значење за државата, се предлага формирање на Агенцијата на енергетика на Република Македонија. Вакви агенции за енергетика се практикуваат повеќе од 20 години во развиените земји, а во последните десетина години и во земјите во транзиција.

Во сите европски држави функционираат вакви специјализирани институции, а во регионот сите оние земји кои ги наброи министерот имаат слични вакви институции.

Некои од државите имаат и посебни Министерства за енергетика, што е практично и потребно заради огромното влијание на енергетскиот сектор врз целокупниот општествен развој.

Меѓутоа, Република Македонија слободно можеме да кажеме, дека доцни во оваа насока најмалку десетина години и дека во моментов институциите во нашата земја за спроведување на овие реформи и за спроведување на новата енергетска политика се само две институции и тоа Секторот за енергетика и минерални ресурси, кој што функционира во состав на Министерството за економија и Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, и слободно можеме да кажеме дека тие се недоволни самостојно да се справат со тоа што не очекува во однос на реформите во енергетскиот сектор.

Од тие причини нашата држава многу заостанува посебно во делот на приватното инвестирање во оваа област, но сепак, иако задоцнето формирањето на оваа Агенција за енергетика на Република Македонија, значително ќе придонесе за интензивирање на развојот на енергетскиот систем во Република Македонија.

Заради прецизно дефинирање на правата и обврските, одговорностите и надлежностите, како и структурата и финансирањето на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, за таа да функционира како што треба, неминовно се наметна потребата од донесување на закон за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

Целта е да се формира стручна и специјализирана Агенцијата за енергетика на Република Македонија, како правно лице кое што ќе биде самостојно во извршувањето на својата работа, надвор од Министерството за економија, за да може со поголема стручност и независност, поголема мотивираност и посветеност да ги решава секојдневните тековни задачи и прашања во енергетскиот сектор.

Конкретните надлежности на Агенцијата за енергетика на Република Македонија во функција на поддршката во спроведувањето на енергетската политика ќе бидат пред се во насока на: подготовка на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови; подготовка на долгорочни и краткорочни програми; интензивирање на активностите во областа на енергетската ефикасност и поголемо вклучување на обновливите енергетски извори; подготвителни и координативни активности за имплементација на инвестиционите проекти; ангажирање во правец на подобра регионална соработка на полето на енергетиката; подготовка на законски, подзаконски акти и технички прописи од областа на енергетиката итн.

Агенцијата за енергетика на Република Македонија преку среднорочните и долгорочните стратегии и развојни планови ќе развива и одржува база на податоци за енергијата во Република Македонија, преку кои ќе се анализираат вкупните состојби и параметрите во енергетиката и нивното влијание врз економијата во Република Македонија, при што ќе се формираат критериуми за оценка на приоритетите кои што треба да се реализираат заради подобрување на севкупните состојби во оваа област.

Предвидено е Агенцијата за енергетика на Република Македонија да прибавува информации и да води грижа со вкупните потреби во енергетиката, како и можностите за нивно задоволување од извори во Република Македонија и од надворешни извори и со тоа ќе имаме подетални анализи и податоци колкаво е вкупното производство на енергија во нашата држава, колкави се потребите, по која цена може да се набават и во кој период ќе се врши тој увоз, од кои држави итн. Предвидено е Агенцијата за енергетика на Република Македонија да подготвува долгорочни и краткорочни програми кои што ќе претставуваат генерална концепција за развојот на енергетиката, енергетската ефикасност и примената на обновливите енергетски извори.

Имплементацијата на проектите и мерките по овие програми Агенцијата за енергетика на Република Македонија ги спроведува во соработка со локалната власт, со стопанските субјекти, потрошувачки здруженија и други организации, што е позитивно затоа што ќе имаме реално согледување на проблемите на еден транспарентен и одговорен начин, при што сите субјекти од оваа област ќе можат заеднички да ги решаваат и усогласуваат сите програми кои престојат во однос на реформите.

Преку спроведувањето на програмите за енергетска ефикасност, Агенцијата за енергетика на Република Македонија се грижи за спроведување на мерки за намалување на загубите на енергијата во електро-енергетските системи, зголемувањето на ефикасноста во експлоатацијата итн.

Посебно се важни и активностите на оваа Агенција во функција на поттикнувањето за поголемо вклучување на алтернативни и обновливите енергетски извори, како што се: сончева енергија, енергија на ветерот, геотермална енергија, енергија добиена од био-маса итн., во однос на енергетската потрошувачка. Ние во моментот немаме детална анализа или посебни анализи во однос на овие

обновливи енергетски извори, иако можеме слободно да кажеме дека има потенцијални кандидати за инвестирање во оваа област, иако дел од овие извори се со помал капацитет, меѓутоа, да се лоцираат местата, да се направи една детална анализа, да се понуди на инвеститорите, да се презентира колку тоа би било рентабилно, за колку години би се вратиле овие инвестиции. Сметам дека треба да се отвори една нова сфера во оваа насока повеќе да се инвестира.

Исто така, оваа специјализирана институција има обврска да промовира и методи за штедење на енергијата и методи за подигнување на свеста на корисниците за рационално користење на енергијата, притоа водејќи грижа за вградување на мерки за заштита на животната средина.

За да бидат успешни реформите во овој сектор во Република Македонија и новата енергетска стратегија да ги даде потребните резултати во земјава, се неопходни домашни или странски инвестиции.

Затоа сметам, дека ова е едно од најважните прашања за кои Агенцијата за енергетика на Република Македонија, треба, можеби да посвети најголемо внимание, посебно во однос на подготвувањето, координацијата и реализацијата на инвестиционите проекти, со потенцијалните инвеститори.

Имено, подготвувањето на инвестиционите проекти веќе не може да се остави на енергетските компании во земјата, кои што ќе бидат во иднина потполно комерцијализирани и одвоени од државата, затоа што знаеме дека е планирана продажба на Електростопанство на Македонија и во овој дел ќе се отвори многу простор за инвестирање, а од причини што многу наши потенцијални инвеститори, посебно домашни, немаат искуство во оваа област, им треба институција која ќе помогне во реализација на инвестициите.

Преку анализа на состојбите и вршење на оценка на приоритетите во инвестиционите проекти, Агенцијата за енергетика на Република Македонија ќе треба да предлага можни решенија за одделни прашања во оваа област, истовремено ќе треба и да предлага и подготвува можни проекти за потенцијалните инвеститори. Овде може да се наведе само примерот со изградба на хидроелектрани, хидроенергетски објекти за производство на електрична енергија и да се каже дека со измените на Законот и дополнување на Законот за води се отвори можност за огромен број инвестиции со огромен износ, така што и нашите домашни инвеститори да имаат можност да инвестираат во хидроенергетски објекти кои своите инвестиции ги враќаат за релативно кратко време.

Агенцијата за енергетика на Република Македонија ќе укажува и ќе се грижи за економската одржливост на тие проекти и односите во енергетиката и ќе организира и координира подготовката за реализација на истите од технички и финансиски аспект, се со цел да се привлечат што е можно повеќе домашни или странски инвестиции.

Исто така, оваа стручна институција ќе ги советува потенцијалните инвеститори за условите и реализацијата на изработката на проектите.

Само така, ќе се придонесе да заинтересираните субјекти инвестираат во овој сектор во Република Македонија, притоа правилно и успешно насочувајќи ги и реализирајќи ги своите инвестиции што е можно побрзо и поефикасно.

Потребно е да се напомене и дека оваа Агенција за енергетика на Република Македонија дополнително ќе се грижи и ангажира и за регионалната соработка и за имплементацијата на регионалните проекти. Тоа беше спомнато од министерот, бидејќи во оваа насока задоцнуваме и недоволно ги користиме фондовите од САД и ЕУ, кои се добиваат претежно за реализација на проекти за зголемување на енергетската ефикасност и користење на овие обновени енергетски извори.

Позитивно е и тоа што, во овој Предлог на закон е предвидено, Агенцијата за енергетика на Република Македонија како специјализирано стручно тело од областа на енергетиката, во соработка со ресорните министерства, стопанските субјекти, невладините здруженија и други непрофитни асоцијации да подготвува законски и подзаконски акти, технички и други прописи, со што ќе се даде придонес во оваа насока.

За да сме сигурни дека сите наведени надлежности ќе може да ги обавува оваа агенција на најдобар можен начин, и за да биде оваа стручна институција што понезависна и самостојна, за да привлечеме професионалци и стручњаци од оваа област кои ќе бидат мотивирани максимално да се ангажираат во однос на работата на Агенцијата, според мое мислење ќе мора да изнајдеме и дополнителни извори за финансирање, покрај тие кои што се предвидени во овој Предлог на закон.

Во оваа насока, бидејќи е предлог за донесување на закон, јас предлагам и две сугестии до предлагачот, министерот за економија, кои што се однесуваат, на пример, на членот 16, каде предлагам да се предвидат дополнителни средства за вршење на дејноста на Агенцијата, затоа што изворите на оваа Агенција пред се ќе бидат насочњени да бидат од Буџетот на Република Македонија и од приходи од вршење на други активности, донации и други извори согласно законот. Сметам дека ако сакаме оваа Агенција да биде независна и самостојна, ако сакаме целта да ја постигне за тоа што ја формираме, треба да имаме и конкретно други дополнителни извори на финансирање, за да членовите на управните одбори, директорот и самата агенција бидат самостојни. Во оваа насока, мојот предлог е до министерот, бидејќи тој може да интервенира со амандман во овој

момент, да се разгледа можноста инвеститорите кои ќе инвестираат во енергетски објекти за производство на електрична енергија, во хидроелектрани, во висина од 0,1 % од вкупниот износ на инвестицијата да се уплаќа на сметка на Агенцијата за енергетика на Република Македонија. На пример, ако се гради една Хидроелектрана во износ од 10 милиони евра, 10 илјади евра да бидат уплатени на сметка на Агенцијата за енергетика. Со тоа нема да ги спречиме инвеститорите да инвестираат, затоа што ова е премал износ или дали трансферот да оди преку буџетот, ама со намена да бидат на сметка на Агенцијата за да се обезбеди дополнителна независност и самостојност на Агенцијата. Сметам дека тоа е возможно и законски да биде реализирано.

Заради сите овие предности од постоењето на една ваква Агенција за енергетика во услови кога немаме никаква слична институција во нашата држава, сметам дека овој Предлог на закон за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија треба да ја добие својата поддршка во Собранието на Република Македонија.

И само уште еден предлог, при изборот на Управниот одбор на Агенцијата, во Предлогот на законот е предложено Управниот одбор на Агенцијата да го предлага министерот за економија, а да го избира Владата, и тоа два членови да се предлагаат од Министерството за економија и еден од Министерството за финансии и двајца надворешни членови. Исто така, во функција на подобрување, подигање на степенот на независност и самостојност на оваа агенција, сметам дека изборот треба да го врши Собранието на Република Македонија на предлог на овластени предлагачи и тие овластени предлагачи можат да бидат министерот за економија да предлага двајца, министерот за финансии еден и другите двајца да ги предлага на пример Електростопанство на Македонија, без разлика дали е приватизирано или не и некој друг голем субјект, на пример ГАМА или некоја друга институција како овластен предлагач. На тој начин ќе обезбедиме предлагање на овластени предлагачи и избор во Собранието на Република Македонија и нема да има можност Владата, што во овој Предлог ги предлага сите да влијае како се менуваат Владите, да влијае во нивното именување и разрешување и да се стави во прашање независноста во потполност и самостојноста.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Конечно пред нас е Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, со Предлог на закон. И покрај тоа што тоа беше разгледувано пред повеќе од еден месец, конечно претседателот ја постави денес на дневен ред,сигурно со некои барања од минситерот за финансии, но еве и министерот за економија дојде во можност да разговараме за овој закон и се надевам дека денес ќе добие виза од пратениците. Но, за разлика од позицијата, нашите видувања и забелешки се малку поголеми, во однос на тоа што тука се нуди како Предлог на закон, затоа што вака напишано, поаѓајки од причините за донесувањето на законот, па и понатаму самиот закон од 21 член, што вие го предложивте како закон, имате повеќе од 30 амандмани и тоа повеќето се од позиционите пратеници, можеби некои не но мислам дека дел од тие амандмани се и со суштинска забелешка, што уште во старт беше кажана на Комисијата за економија.

Во моментот многу е битно што Република Македонија има, во однос на она што значи енергетски ресурси, тоа за мене е многу важно, значи тоа е секторот за енергетика и минерлни ресурси во вашето Министерство за економија во кое се вработени пет луѓе кои ја следат проблематиката од страна на енергетиката. Можеби тука е овој проблем во донесувањето и на законот за енергетика. Тука е проблемот за кој разговаравме и за законот за Регулаторната комисија, многу нејаснотии, многу необјаснети работи, уште во старт, при самото формирање на овие комисии. Мислам дека и оваа Агенција, истото,како желба и она што вие како министер го претставивте дека истите агенции функционираат во нашето соседство, или во Европската унија. Сето тоа е во ред. Меѓутоа тоа што е сега енергетска состојба во државата, многу порано, не ве окривувам сигурно вас, пред вас имаше и други министри и други влади, требаше и мораше да формираат Министерство за енергетика. Тоа Министерство за енерегетика, ако ја завршеше својата работа, а требаше да ја заврши, денес немаше да бидеме доведени како пратеници во ова Собрание, да одлучуваме за преобразбата на ЕСМ, за продажбата на ЕСМ, како таа треба да се одвива после месец два од донесувањето на она што беше закон и што тука како пратеници го гласавме, веќе имавме реферирање, поминаа два месеци, се случи уште една преобразба, па уште едно реферирање, ги продаваме хидроелектраните, не ги продаваме. Значи сето тоа во вашето Министерство за економија, претпоставувам и покрај тоа што стручната јавност на Република Македонија се вклучи во сите овие процеси, остана голема празнина која остана недополнета и начинот на кој стручната јавност овој пат реагираше, можеби е добро што Министерство за економија, добар дел од тие забелешки ги прифати. Но, мислам дека сепак забелешките на Светска банка се тие главните што вие ги прифаќате и покрај тоа што ние како, ајде да не се срамам од стручната јавност, но како дел и од колективот од ЕСМ каде сум вложил голем труд во работењето и очекувам и понатаму вработените да го сотваруваат она што го остварувале години наназад и ја обезбедиле нашата независност. Со нивното работење и денес како што работи ЕСМ,

имаме гаранции дека тоа и понатаму ќе функционира.

Истото тоа го имавем и за Регулаторната комисија кога тука расправавме дали е можно тој Управен одбор од пет, вие сега предлагате пет, тогаш беа девет луѓе, да бидат луѓето кои ѓе направат пресврт во енергетскиот сектор во Република Македонија. Јас тогаш кажав дека тоа не е така, нема да биде ни со ова, затоа што и во овој дел каде што предвидуваме Агенција, ние во старт треба да знаеме што и кои делови од енергетскиот сектор ќе покриеме со оваа Агенција, затоа што начинот на кој е формирана Регулаторната комсиија, после тоа покажа дека и 80 луѓе кои ќе се вработат во неа, можеби ќе бидат малку за сите оние обврски кои ќе ги има Република Македонија, со сите оние директиви што ги потпишуваме и ги примаме од Евроспката унија и на кои треба да одговориме и кон кои се движиме. Нормално се што е нивна легислатива ние треба да ја прифатиме, да ја примениме и да стане применлива во Република Македонија. Но, сега ја се прашувам, вие во она што го предлагате кај нас, во членот 4 кажувате дека Агенцијата за енергетика на Република Македонија ќе остварува преку: Подготовка на среднорочни и долгорочнии стратегии и развојни планови. Значи став 2 од ова ги следи и анализира состојбите во економијата и формира критериуми за оценка на приоритетите и ги следи и анализира состојбите за одржлив енергетски развој.

Ваквиот начин на претставување на Агенцијата и уште во старт давање на вакви квалификации дека оваа Агенција ќе треба да одговори на сите овие задачи кои понатаму им ги давате, јас прашувам со кој.

Понатаму, велите, го следи и прибавува информации за развојот на потребите во енергетиката и можностите за нивно задоволување од извори во Република Македонија и од надворешни извори. Треба да знаеме со кој. Република Македонија и вие самите знаете дека се она што значеше енергетски сектор, по вашите предвидувања, некаде почетокот на 2006 година, веќе ќе треба да се приватизира. Ако го имаме тоа , ние имаме состојба во која Агенцијата за енергетика ќе треба да прибавува информации од приватниот сектор, од човек кој ќе работи во една фирма кој многу тешко ќе може да го задоволи сето тоа.

Во моментот Република Македонија како држава не може да си дозволи и не може, еве да почне да се отвори рудникот Брод-Неотино, што е основно за понатамошна енергетска издржливост и остварливост на електраните во РЕК-Битола. Ако тоа не може да го направи Владата на Република Македонија, дали ние со оваа Агенција ќе ставиме еден параван за да не можеме да го видиме Министерството за економија, а позади Министерството да не ја видиме ни Владата на Република Македонија и да очекуваме некоја добра вила кога ќе дојде во Македонија и која ќе биде спремна да истури 130 милијони евра и да каже дека од утре јас почнувам да работам во рудникот Брод-Неотино кој ќе биде исплатлив и реализирлив после 8-10 години кога ќе го отвори, првите количини на јаглен, а кога ќе ги врати парите тоа ќе бид енешто друго. Но на Република Македонија тој рудник му е неопходен. Нас ни треба енергија.

Тоа штокажувате дека Агенцијата ќе биде независна, дека ние во нашето опкружување се чувствуваме независни, многу брзо гледаме, не помина ни месец дена од таа конференција, еве веќе имаме проблеми со увозот на електрична енергија и покрај тоа што вие како Министерствоимате договори, имате плаќања, но таа енергија не може да дојде во Република Македонија. Зошто? Затоа што три години не е остварено апсолутно ништо од 400 киловотниот далековод Штип-Црвена Могила. Значи врската со Република Бугарија воопштоне постои. И сега ние сме обусловени, некои односи помеѓу Република Србија и Република Бугарија да ги решаваат на наш грб, а кажуваме за независност, кажуваме за енергетски ситуации во кои и оваа Агенција ќе треба, како што пишувате понатаму, да учествува на регионално ниво.

Тоа што учествуваше и Регулаторната комисија и резултатите, барем по она што го имаме како известување за работењето на Регулаторната комисија, според мене се задоволувачки. Но, сето тоа е хартија, сето тоа се закони, легислатива, секундарна, примарна. Но, во основа треба да се видиме каде сме. Основата е тоа што гокажувам, Министерство за енергетика и Владата на Република Македонија максимално вклучување во решавање на овие рпоблеми. Не можеме да дозволиме, без разлика дали ќе биде уште 6 месеци, една година, и наредната влада, можеби ќе бидете повторно вие, илинезнам кои, ова мора да се реши. Тоа не смее да остане така затоа што Република Македонија независноста ја гради токму на овој енергетски сектор. Ако тука зартаиме, едноставно завршивме. Затоа се прашувам, ако оваа Агенција ги има среднорочните и долгорочните стратегии, што до сега работела МАНУ, што до сега работеле било кои стручни луѓе во Република Македонија. Ние во овие 50-60 години да не направиме енергетска стратегија. Ајде да не се враќаме толку назад, но последните, од 1980 година наваму, тоа се 25 години, која е нашата стратегија во енергетскиот сектор, каде ние во основа се движиме. Ако го направиме ова што мислиме да го нарпавиме да го продадеме ЕСМ и тоа ни е решение, мислам дека се движиме вопогрешен правец и жално ќе биде после неколку години да видиме дека ние навистина се движиме во погрешен правец што не не води кон Европската унија, туку не води назад. Тоа, за жал, повторно ќе го осетат на грбот граѓаните на Република Македонија, што воопшто не посакувам. Значи на ваков начин со координативни активности и со развојни планови и спроведување на реформи, апсолутно во Владата да имате пет луѓе кои работат во тој сектор и ова цела Агенција треба да ги советува

токму нив, или да ве советува дирекно вас, или да го советува премиерот на државата кој мислам дека има и премногу проблеми за да може вака преку една Агенција, или нејзиниот директор, да може да функционира и да може да ни ги претставува сите оние заложби што Република Македонија понатаму ќе не водат напред.

Во членот 3 кажувате дека Агенцијата има својство на правно лице. Тука апсолутнос е согласувам, како што кажа и мојот претходен колега и ставот 2-Агенцијата е самостојна во својата работа. Сега, што е самостојноста кога последниот став од овој член 3 вели - Агенцијата отвора сметка во рамки на трезорската сметка. Претпоставувам дека е тоа во Буџетот на Република Македонија.

Кажуваме самостојна. Самостојно може да биде нешто што произлегува од нивната самостојност, а таа ја прави Управниот одбор. Органи на Агенцијата се Управниот одбор и директоротот.

Во членот 7 вели со Агенцијата управува Управен одбор на Агенцијата кој се состои од 5 члена. Членовите на Управниот одбор на Агенцијата ги именува и разрешува Владата на предлог на минситерот за економија. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години, со можност за повторен избор.

И членот 8 кој го дефинира Управниот одбор. Два члена на Управнио тдобор се именуваат од Министерството за економија, еден член од Министерството за финансии и два надворешни члена.

Управниот добор од редот на членовите именува претседател на Управнио тодбор, на првата конститутивна седница.

Понатаму директорот на Агенцијата. Именвуањето на директорот се врши преку јавен оглас и директорот го именува и разрешува директорот на Агенцијата.

Сега, господине министре, кога ова го знаеме, јас тука никаква независност не гледам. Вие ќе предложите сигурно луѓе кои вие ги познавате, можеби и не ги познавате, ќе ви ги предложат, а вие само ќе ги изнесете тука пред нас. Ќе имаме пет луѓе кои ќе ги прочитаме, за кои позицијата ќе даде свое за, како што беше за Регулаторната комисија, некој ќе биде од Дреновец, некој ќе биде со возачка дозвола, некој незнам како и тие ќе бидат стручните луѓе кои понатаму ќе ја водат Агенцијата за енергетика во Република Македонија.

Добро е што се обидуваме да формриаме регулаторни тела, да формираме агенции, но мислам дека треба да направиме критериуми. Ако и тоа го правиме, тогаш на цивилниот сектор има тела, како што е тоа судството. Мислам дека во овој дел и луѓето кои се во енергетиката треба да го кажат својот збор и да ги определат овие луѓе, со тоа што развојот на Агенцијата понатаму ќе треба да биде токму од оние луѓе кои го имаат исксутвото, кои имаат чувство, кои биле во такви проекти, кои може да дадат добри насоки, како понатаму Владата и било која влада, да се движи и кои се резултатите кои треба да ги очекуваме од Агенцијата. Тоа е едната работа каде апсолутно гледам дека Агенцијата нема да биде независна. И втората уште поважната работа, тоа е финансиската структура. Финансиската структура, ако овие средства доаѓаат од Буџетот на Република Македонија, ако на вас двапати или трипати во годината ви се доставува извештај од оваа Агенција, контролата ја прави Минситерството за финансии, а пред тоа сигурно дека Агенцијата треба да има проекти врз основа на кои таа ќе функционира, доаѓаме во ситуација, од оваа независност да не остане ни буквата н. Значи станува збор за нешто што апсолутно ќе биде зависно од Владата на Република Македонија.

Дали тоа ќе биде инкорпорирано како министерство, како дел во регулаторна комисија или не знам каде, но во секој случај независна не може да биде, затоа што и во целта што ни доставивте тука, што сака да се постигне со донесувањето на овој закон вие кажувате дека оваа институција ќе биде оперативна, со мал број на вработени, флексибилна, финансирана од повеќе извори и непрофитна организација. Од друга страна основна цел на агенцијата е да обезбеди стручна подлога за креирање на енергетска политика, стратегија на земјата и изработка на средноточни и долгорочни развојни планови, оценка на приоритетите и нивна промоција пред инвеститорите. Значи, овие две работи некако се во колизија, затоа што малку луѓе флексибилни и не знам колку се спремни за ваква ситуација, кога цела Влада не може на никој да му објасни дека приоритет на Република Македонија е токму овој проект, ова агенција како ќе функционира по однос на тоа, мислам му давате за право на директорот на агенцијата во токата 11 каде што директорот на агенцијата ги врши следните работи. Во став 8 ги предлага општите акти за организација и систематизација на работењето на агенцијата, донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи. И, тука апсолтно ништо не се кажува, со колку вработени ќе работи оваа агенција, како што беше тоа и со Регулаторната комисија и повторно ќе се јави истиот проблем.

Во однос на она што го кажавте, подготовка на краткорочни и долгорочни програми, јас кажав дека и МАНУ има направено многу малку и сега мислам дека е многу пасивна не се вклучува во сето ова, а кој е проблемот апсолутно не знам. Но, во секој случај време е што повеќе и што почесто да ги гледаме на овие ваши советувања или тркалезни маси со свои видувања за понатамошниот развој на Република Македонија, затоа што уште малку нема да има и проблем и нема да има и потреба да се јавуваат. Значи, тоа дека подготвува долгорочни и долгорочни програми за период од една до три години, се грижи за успешна имплементација на проектите и мерките од овие програми, мислам дека такви задачи на оваа агенција апсолутно не ќе може да

ги задоволи. Во однос на она што го кажа еден колега за обновливи извори на енергија, тоа е многу интересна тематика, но тоа не го решава глобалниот енергетски биланс во Република Македонија, за жал, затоа што немаме ни толку доволно сонце, ниту пак ветер, магла има, ама треба да ја растераме, што и тоа ни претставува проблем. Од овој аспект мислам дека добро звучи кога некој ќе побара да се отворат ветерници, дали ќе бидат во Свети Николе или горе на Водно, тие можат да бдат, но сигурно нивната енергетска моќ е со ограничена вредност и дека средствата кои што би ги вратиле луѓето кои би инвестирале, би финансирале во таква работа, мислам дека се поголеми од она што ќе може да му биде повратно вратено.

Нешто друго што паѓа во очи при првото читање на законот, тоа е членот 14, во кој што се кажува дека стручните административно-техничките, помошните и други работи за отребите на агенцијата ги врши стручната служба на агенцијата, за која што говоревме до сега и која што апсолутно никаде не е спомната и која што можеби со некој подзаконски акт или акт на агенцијата, ќе биде реализирана. Тогаш, ќе кажете колку се тие флексибилни и мали и колку ги има. Сигурно, тоа ќе зависи од бројот на луѓето кои што ќе треба да бидат примени.

Понатаму, во ставот 2 за остварување на активностите од член 4 на овој закон, агенцијата може врз основа на договор да користи и услуги на специјализирани организации и физички лица од земјата и странство согласно со закон. И на крајот, сето ова објаснување, начинот и условите за избор на давателите на услуги од став 2 на овој член, поблиску се определува со посебен акт на агенцијата. Е, сега во старт ако ова го направиме, вие ќе имате голем проблем. Значи, се што ќе се ангажира како стручњак, се што ќе се ангажира како физичко лице ќе биде нападнат директно, без разлика колку неговиот акт, колку неговиот документ кој што го нуди или средствата за кои што вие го ангажирате и кои што ќе ги добие, апсолутно останува да биде со еден акт на агенцијата. Тој акт никаде не е спомнат, со посебен закон, кој закон ќе биде, дали некогаш ќе се донесе или нема да се донесе, овој закон кажувате дека треба да биде во важност од 1 јаунари 2006 година. Значи, до 1 јануари 2006 година ако ова со закон не е речено како и ако агенцијата не донесе вакви акти кои што ќе бидат, сигурно нема да бидат тука на Парламентот, туку ќе ги донесе управниот одбор и директорот на агенцијата. И, со тоа се завршува било која работа за мој ангажман, за ваш ангажман и не знам ангажман на уште колку тука, да не ги спомнувам пратениците, но луѓе кои што во моментот значат нешто или пак не значат ништо. Но, еве, нашле луѓе од странство кои можат тоа да го направат и ние ќе ги ангажираме. Значи, апсолутно да не се сфатиме погрешно, луѓето од фелата мора да го работат ова, но сето ова треба да биде контролирано и да има начин и услови по кои што тие ќе бидат ангажирани. Ако со секој поединечно се склучува договор и за иста работа некој добие 200 илјади евра, некој добие 2000 евра, имате проблем. Тоа не е Антикорупциска комисија, туку не може да го докаже никој, колку некој интелектуален труд вложил во нешто што утре треба да претставува развој на Република Македонија во енергетскиот сектор. За мене е многу важно, затоа што познавајќи ги бројките кои што се движат секој ден и колкави се трошоците и колкави се добивките кои што ги има ЕСМ, може и овие 100 илјади евра се апсолутно ништо, можеби ни еден ден работа само на рудникот, во однос на она што значи развој на Република Македонија. Тука, апсолутно мора да се води сметка.

Ова што кажувате дека независноста ќе биде преку тоа што директорот ќе се бира на конкурс. Мислам дека директор на конкурс и сега се бира и се бирал, но јас знам дека и директорите во детските градинки се знаат кои ќе бидат. Директор на агенција за енергетика уште сега сигурно дека го знаат сите, така што апсолутно ова дека ќе биде независно, на конкурс, под услови, сите ги задоволуваат овие услови кои што ги имате напишано тука, со пет години завршен факултет и други ситуации, мислам дека тоа апсолутно не може да биде.

Она што го кажав за средствата, како тоа ќефункционира од средствата на Буџтот на Република Македонија, мислам дека и тука нормално ако има програми ако бидат интересни за Владата, сигурно дека ќе бидат поддржани, а се другото што не е интересно нема да биде ни финансирано од Буџетот, што значи тие средства нема да бидат во ред. Бидејќи кажавте дека е непрофитна организација, тогаш секој ќе се труди да има што повеќе проекти кои што ќе бидат добри на Владата, кои што ќе имаат реализација и кои што ќе треба да функционираат. И, тука ќе се заврши се.

Ако ова се случи како што сега го имаме Законот за преобразба, Законот за продажба на ЕСМ, ако имаме преобразбата да се заврши со продажба на ЕСМ, јас не знам, а вие кажувате дека тука во завршните одредби овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник, со тоа што сигурно ќе треба да влезе во Буџетот за 2006 година, пошто сега апсолутно нема никакви средства и не може ни да функционира. Но, вие ќе мора да направите, пошто тука си давате рокови во членот 20 од Преодните и завршните одредби, каде што Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон ќе ги именува членовите на управниот одбор. Денес е јули, значи некаде да очекуваме на крајот на август и на почетокот на септември дека членовите на управниот одбор ќе се знаат и тој во рок од 30 дена ќе го донесе статутот на агенцијата. Немате напишано кога ќе биде распишан конкурсот за директор на оваа агенција. Мислам дека тоа е пропуст и сигурно ќе го поправите со амандман. Управниот одбор во рок од 60 дена од денот на неговото

конституирање го именува директорот на агенцијата. Претходно, требаше да има конкурс на кој што тој ќе се јави или пак со ова кажуваме дека нема потреба ни од конкурс. Но, во секој слуај ако се случат сите овие работи, оваа агенција на некој начин ќе биде депласирана, затоа што основното што ќе треба да го прави, советувањето на Владата, апсолутно не ќе има потреба. Затоа што, во тоа време газди на ЕСМ ќе бидат некои приватни газди кои многу тешко за свои пари ќе може некој да ги советува што ќе треба Владата да направи со нив. А, за овие секундарни извори, како што кажав, за ветерот, за сонцето, тоа може секогаш. Дали тоа ќе биде Регулаторната комисија, дали ќе бидат дел од овие луѓе кои работат во Министерството за економија или ќе биде оваа агенција, мислам дека тоа е апсолутно така. Затоа, уште еднаш, и покрај тоа што е времето поминато, мислам дека Владата многу сериозно треба да размисли за овој енергетски сектор, значи за Министерство за енергетика, со агенцијата вака како што ја имате поставено со услови и како што го имате претставено во првобитното читање, не знам, можеби осле прифаќањето на амандманите овој текст да изгледа малку поинаку, значи со овие зборови се грижи за имплементација, се грижи за спроведување, за економија, за успешна имплементација, сигурно за тоа треба Владата да се грижи. А, овие можат само да советуваат, пошто така како советодавно тело може и да функционира. Но и покрај сите промени што би се случиле во текстот на законот, јас мислам дека Министерството за економија ќе направи, мора да направи напори тој дел што е директно во Министерството да го зајакне, делот за енергетика, за да не се случуваат сите овие ретерирања, кои директно одат на ваш грб и на грбот на Владата на Република Македонија, во однос на она што значи продажба, во однос на она што значи стратегија за понатамошниот развој на енергетиката во Република Македонија и очекувам дека тоа ќе го направите. Дека агенцијата, дали ние сме сакале или не сме сакале, вие ќе ја формирате, а проблемите ќе се јават потоа, ќе бидат и кај вас кога ќе ги слушнеме луѓето кои ќе бидат во управниот одбор и кои ќе имаат можност да го бираат директорот на таа агенција, но за тоа потоа. Се надевам дека ќе ме изненадите и ќе направите нешто што не сте го направиле до сега, но тешко ви оди таа работа. Во секој слуичај останува енергетиката и понатаму, без разлика дали е за агенцијата или за Регулаторна комисија, останува многу сериозен проблем и кај вас во Министерството за економија и комплетно во Владата, која што час поскоро треба да се решава, затоа што и последните случувања со ова што значи увоз на електрична енергија, а зависни сме до неа, 40% увезуваме, може да доведе до една катастрофална состојба, затоа што сега ги трошиме хидропотенцијалите. Но, до кога и тие имаат еден дел кој што знаеме кога и како треба да се вклучат, но ние активно ги користиме за енергија и можеме да се доведеме во ситуација утре повторно да се вратиме во некоја година што не ја сакаме. Значи, тоа е година на рестрикција и година на зголемена цена на електричната енергија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Ѓоргиев Драган има три минути реплика.

Повелете господине Ѓоргиев.

**Драган Ѓоргиев:** Благодарам потпретседателе.

Само на еден дел една мала исправка, не околу дискусијата по однос на независноста, финансиите и управниот одбор. Господинот Мавровски рече дека во овој Предлог на закон не е предвидено управниот одбор во кој рок да го именува директорот, не се согласувам, затоа што во членот 20 став 4 гласи "управниот одбор во рок од 60 дена од денот на неговото конституирање го именува директорот на агенцијата". Значи го има предвидено ова. Благдоарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, една минута контра реплика пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски/

**Спиро Мавровски:** Господине Ѓеоргиев, згледа не се разбравме. Јас кажав дека управниот одбор во рок од 60 дена од денот на неговото конституирање го именува директорот на агенцијата. Но, за да се именува директорот на агенцијата, треба да се распише конкурс. Претходно никаде не е кажано кога управниот одбор и во кој рок ќе распише конкурс за избор на директор. Тоа беше мојата забелешка. Мислам дека коректно и вие би гласале за тоа. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Србиновски Илија.

Повелете господине Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре, почитувани пратеници.

Многу малку ќе се осврнам по предлог на овој закон за основање на агенција за енергетика на Република Македонија со некои одредени забелешки кон ова основање за оваа агенција за енергетика. Следејќи ја светската пракса во областа на енергетиката, неспорно е дека една ваква агенција треба да постои. Значи разгледувајќи го Предлог-законот за основање на агенцијата за енергетика на Република Македонија, предложен од Владата на Република Македонија, имам некои одредени забелешки по однос на истиот, но моите следни забелешки се во име на ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија. Воочливо е дека многу од надлежностите на агенцијата за енергетика на Република Македонија содржани во овој Предлог-закон се поклопуваат со надлежностите на секторот за енергетика при Министерството за економија.

Второ, во Предлог-законот не е јасно дефинирано со оглед на тоа дека агенцијата за енергетика на Република Македонија ќе биде

правен субјект кој е финансиран од Буџетот на Република Македонија. Значи, не треба да остварува профит од нивните или други активности. Ова се однесува, пред се на членот 16, каде треба прецизно да се дефинираат изворите на финансирање на агенцијата, бидејќи формулацијата вика, други извори и приходи од вршење на други активности. Значи, овде е недоволно прецизирано и не се во согласност со начелата за непрофитабилност на агенцијата.

Како забелешка по однос на овој Предлог-закон одат во насока на обемот на оваа агенција т.е. непостоењето на фиксен број на членови во истата.

Други забелешки во начините на именување на членовите на управниот одбор на агенцијата за енергетика на Република Македонија, предложениот закон предвидува два члена на управниот одбор да бидат именувани од страна на Министерството за економија, еден д Министерството за финансии и два надворешни членови. Тука ние сметаме дека ваквата формулација отвора простор во редовите на управниот оодбор на оваа агенција да се најдат неквалификувани поединци кои ќе имаат поголемо овластување. Затоа, ние како пратеничка група предложивме амандмани за измени во последниот член, спроед кој сите членови на управниот одбор кои ќе бидат именувани од страна на државни институции, кои делуваат во областа на енергетиката. Ваквата формулација допушта во редовите на управниот одбор на оваа агенција да се најдат единствено високо професионални кадри од областа на економијата и енергетиката.

Во членот 7 каде е предвидено "мандатот на членовите на управниот одбор да трае 4 години, со можност за повторен избор". Сега, вака предложената формулација со можност за повторен избор, може да биде предмет на повеќе избори, што ќе се придонесе за узурпирање на ваквата позиција на членовите на управниот одбор на агенцијата за енергетика на Република Македонија, што не е во согласност со светската пракса и со начелата на демократијата. Инаку, ние како политичка партија ќе го поддржиме овој Предлог-закон за основање на агенцијата со овие забелешки. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Србиновски

Има збор пратеникот Борозан Весна.

Повелете госпоѓа Борозан.

**Весна Борозан:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници.

Сакам да ја искористам оваа можност накратко да се обратам во врска со донесувањето на законот за агенција за енергетика и притоа главниот акцент во дискусијата сакам да го ставам на употребата од промена на нашата свест, да размислуваме и да очекуваме дека за се во енергетиката е одговорна Владата, почнувајќи од стратегијата до инвестициите и тн.

Имено, со донесувањето на законот за агенција за енергетика, со нејзиното формирање, во македонија се завршива институционалната реформа во областа на енергетиката. Во сите држави на ЕУ и во речиси сите, да не бидам исклучителна сите. држави од Југоисточна Европа веќе функционираат три државни институции во областа на енергетиката. Тоа е задолжително државна управа за енергетика. Во нашиот случај улогата на државна управа за енергетика ја има Министерството за економија, односно Секторот за енергетика и минерални суровини. Понатаму, Регулаторна комисија за енергетика и Агенција за енергетика или во некои земји функционира Агенција за енергетика функционира Агенција за енергетика или Агенција за ефикасност и одржлив развој одделно.

Јас пред точно две години како пратеник поднесов закон за основање на агенција на енергетика со многу слична содржина на денешниот закон кој што го имаме и оттаму недвосмислена е мојата подршка за донесувањето на овој закон.

Поднесувањето на мојот закон пред две години сега согледувам дека беше прерано, затоа што во тоа време реформите во енергетиката само што беа почнати и потребата од ваква агенција не беше сеуште согледана. На мое задоволство тоа сега се случува во државата и во рамките на Владата.

Имено, улогата на една ваква агенција за енергетика е пред се да дава стручна подршка на Владата и останатите тела, кога велам Владата пред се мислам на Министерството за енергетика задолжено во рамките на Владата за енергетика, Регулаторната комисија, локалните самоуправи и останатите институции кои што се во позиција да донесуваат одлуки од оваа сфера.

Зошто ова не беше согледливо порано? Тоа доаѓаше одтаму што надлежностите за донесување на одлуки и креирање на политиката од оваа област беше задолжена исклучиво Владата односно Министерството за економија, а како струшна подршка на целата работа Министерството за економија ги користеше планерските тимови и стручните одделенија на големите монополски претпријатија од оваа област (ЕСМ, Макпетрол, Гасовод-Гама итн).

Што се случи во меѓувреме?

Со реформата сите овие претпријатија се комерцијализираат, стануваат комерцијални претпријатија и тие ги задржуваат своите планерски служби, меѓутоа тие се за донесување на нивни одлуки за подобро функционирање на самата компанија на пазарот на енергија.

Значи, понатаму Министерството за економија не може ни случајно да рачуна на 100% пријателска "подршка" од ваквите претпријатија во донесувањето на одлуките за креирањето на политиката во енергетиката. Според тоа државата има потреба и постои место за основање на своја државна институција,во овој

случај агенција која што ќе ја дава техничката и стручната помош во извршувањето на овие дејности.

За да разграничиме, беше споменато и од колегата Србиновски, улогата на државната управа за енергетика односно секторот за енергетика и минерални ресурси при Министерството за енергетика, како и на Владата е да ја креира политиката во енергетиката, да изработува стратегии и да донесува одлуки за идниот развој на енергетиката.

Надлежностите, односно улогата на Регулаторната комисија за енергетика во пазарни услови на стопанисување е да игра еден вид улога на судија, да ги донесува правилата за пазарните услови за натпреварување во областа на енергетиката во рамките на пазарот на електирчна енергија и природен гас и да го следи нивното делување и да одредува дали однесувањето на пазарот е во рамките на пазарот и во рамките на потпишаните подзаконски акти.

Додека пак улогата на агенцијата за енергиетика е, како што реков, пред се да дава подршка на министерството за енергетика, Регулаторната комисија, локалната смоуправа при донесувањето на одлуките.

Агенцијата за енергетика треба да биде нешто помеѓу институт и помеѓу крута административна структура на Владата. Значи, ослободена од политичките притисоци, меѓутоа доволно државна за да може да врши технички анализи и економски анализи и за да може да оди во прилог на донесување на правилни одлуки на Владата, меѓутоа доволно државна институција за да може Владата да и верува.

Да напомнам уште еднаш, во енергетиката ништо не е од денеска до утре, ништо не е краткорочен процес и затоа е важно да се искристализираат овие улоги во процесот на креирање на стратегиите.

Сето ова оди во прилог на нашата крајна цел, а тоа е да се воспостави институционална рамка и законска клима за привлекување на инвестиции на енергетиката од приватниот сектор.

Беше спомнато исто така нешто околу финансирањето на ангенцијата за енергетика, можам да кажам одлично искуство од свои контакти со меѓународните институции и донаторите кои што го следат реформскиот процес во регионот, тие се нестрпливи да подржат финансирање во техничкиот дел на функционирањето на оваа агенција во Македонија затоа што вакви агенции постојат веќе во сите држави на Југоисточна Европа и тие се воглавно финансирани од овие меѓународни институции. Зошто? Заради големата важност на самите агенции.

Го подржувам донесувањето на законот, дури во овој момент го гледам како свечен момент за македонската енергетика. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Борозан.

Повелете господине Мавровски три минути за реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Сега ми се поставува дилемата, за која што претходно не сакав да кажам. Но поминаа две години како госпоѓата Борозан од седница на Комисијата за економија го повлече овој закон за агенција, дали случајно или намерно, незнам како, но Владата во меѓувреме го заврши процесот на приватизацијата, Агенцијата не се вклучи, можеби со ваша заслуга ќе можеќе да се најде оној план краткорочен од една до три години како сето тоа требаше да изгледа.

Мислам дека според она што го кажавме досега не е одговорна Владата, но јас ќе кажам дека е одговорна Владата и одлуките што ги носи се политички одлуки за кои што таа ги има сите услови да ги донесе и одговорноста сигурно е на нејзина страна. Ако тоа се случи 2006 година сигурно дека нема да биде одговорноста ниту на Регулаторната комисија, а уште помалку на агенцијата.

Од друга страна јас уште еднаш ќе прашам. Кажуваме дека агенцијата ќе биде самостојна во својата работа. Таа ќе покрива широк спектар на активности и ќе ја има подршката на Владата на Република Македонија реализирана преку Министерството за економија. Ова институција ќе биде оперативна со мал број на вработени, флексибилна, финансирана од повеќе извори и непрофитна организација, за да веднаќ после тоа основната цел на агенцијата за енергетика ќе биде подршка на Владата и на енергетскиот сектор во Република Македонија обезбедување на ефикасен, одржлив енергетски развој на државата. Таа ќе обезбеди стручна подлога на креирање на енергетска политика, стратегија на земјата и изработка на среднорочни и долгорочни развојни планови, оценка на приоритетите и нивна промоција на инвеститорите. Овие две работи не можам да ги сватам освен да поставам равенство и да говорам за едно исто. Тоа сакав и на господинот министер и на вас колешке, на овој начин како што се формира и како што е предвидено да работи можеби подобро ќе беше дел од министерството отколку крстена агенција која што повторно ќе биде параван, а за самостојност мислам многу тешко.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Една минута контра реплика пратеникот Весна Борозан.

**Весна Борозан:** Во првиот дел од репликата на колегата каде што спомна зошто агенцијата не се појави порано, во процесот на приватизација, процесот на приватизација на Електростопанство на Македонија не е завршен, меѓутоа оваа агенција, благо речено, нема ингеренции во тој правец. Веќе нагласив донесувањето на одлуки е

надлежност на Владата на Република Македонија.

Агенцијата се формира за да овозможи стратегиска подршка на донесувањето, креирањето на политиката во стратегискиот развој на енергетиката.

Во самата енергетика, улога институции и гранки кои што ќе бидат присутни ќе бидат повеќе државни, но многу повеќе приватни претпријатија. Владата го подготвува Електростопанство на Македонија и останатите државни претпријатија да бидат добри професионални играчи и учесници во овој Пазар.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за основање на агенција за енергетика на Република Македонија.

Пред да ве повикам да гласаме ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да обезбедиме доволен број на пратеници за да гласаме.

(пратениците влегуваат во салата)

(Со седницата продолжи да председава претседателот на Собранието господин Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи заклучокот е предложен, колку што сум информиран, ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 60 за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 58 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми поднесоа амандмани на член 7 став 2 и на член 11 за додавање нова точка 10 по точката 9, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандмани на член 7 став 3 и член 8 за менување на став 1 и на член 16 став 2 за бришење на алинеите 2 и 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули поднесоа амандмани на член 4 во воведната реченица член 4 точка 1 за менување на алинејата 2; член 4 точка 1 за менување на алинејата 4; член 4 точка 1 за менување на алинејата 5; член 4 точка 2 алинеја 1; член 4 точка 2 за менување на алинејата 2; член 4 точка 2 алинеја 3; член 4 точка 3 за менување на алинејата 1; член 4 точка 3 алинеја 2; член 4 точка 3 алинеја 3; член 4 точка 3 алинеја 8; член 4 точка 4 за менување на алинејата 3; член 4 точка 4 алинеја 4; и на член 4 точка 5 за менување на алинејата 2 по кои Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 2 и 4, член 3 став 7; член 4 точка 1 алинеја 2; на насловот на точка 6 и на точка 6 алинеја 1 и 2; член 7 за менување на став 2; член 8 за менување на став 1, член 9 за бришење на точка 4; член 10 став 4; член 11 став 1 за менување на точка 7; член 13 ставови 3 и 4; член 15 за менување на алинеја 3; член 16 став 2 алинеја 2; член 17 за менување на воведната реченица и на точка 3 и на член 19 за менување на став 2.

Отворам претрес по амандманот на членовите 2 и 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 7 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 во воведната реченица поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 1 за менување на алинеја 2 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 1 алинеја 2 за насловот на точка 6 и на точка 6 алинеја 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согаласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 1 за менување на алинејата 4 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 1 за менување на алинеја 5 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 2 алинеја 1 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 2 за менување на алинејата 2 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 2 алинеја 3 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 3 за менување на алинејата 1 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 3 алинеја 2 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете господине министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4  точка 3, алинејата 3 поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 3 алинејата 8  поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 4 за менување на алинејата 3, поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 4 алинеја 4, поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 точка 5 за менување на алинеја 2, поднесен од пратениците Весна Борозан и Јани Макрадули.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 2, поднесен од пратениците Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Мавровски, повелете, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Во контекст на ова што до сега министерот го прифати, а прифати се, мислам дека кажува колку добро беше подготвен законот, но во секој случај ова е можеби единствениот амандман до сега кој што нешто ја менува улогата на Законот. Она што претходно господата пратеници го имаат предложено мислам дека беше грешка во предлогот на текстот од Министерството за економија и добро е што министерот ги прифати сите овие амандмани, така што сега можеме да правиме разлика меѓу Агенција и Министерство за економија. Госпоѓо Борозан, овде вашите амандмани и вашиот текст на законот за Агенцијата беа во ред и ова се покажа уште еднаш дека е така, но ова е амандман каде што се менува нешто за кое опозицијата говори, а можеби утре вие ќе бидете опозиција, ќе говорите вие. Имено, еден член на Управниот одбор се именува од Министерството за економија, еден член од Министерството за финансии, еден член од Регулаторната комисија за енергетика, еден член од АД МЕПСО и еден член од Македонската академија на науките и уметностите. Можеби изборот не е токму по овој редослед, но во секој случај, за да добиеме независно тело, кое утре може да ги задоволи барањата и кое ќе има стручни луѓе во својот состав, можеби ова е подоброто решение отколку ова што вие го понудивте. Во секој случај, мислев дека ќе има доблест и ќе се прифати ова, но сепак министерот за економија е тој што одлучува. Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Навистина ќе ме изненадеше министерот ако кажеше и за овој амандман дека се прифаќа.

Само за да биде јасно на македонската јавност што содржи членот 8 од законот кој што се предлага од страна на министерството, односно од Владата. Имено, во членот 8 се зборува дека два члена на Управниот одбор се именуваат од Министерството за економија, еден член од Министерството за финансии и два надворешни члена. Управниот одбор од редот на членовите именува претседател на Управниот одбор на првата конститутивна седница.

Пред малку и колегата Спиро Мавровски кажа што е суштината на амандманот кој што го предлагаме. Сметаме дека Управниот одбор треба да биде што понезависно тело, во кое ќе има експерти, а не да се најдат таму и неквалификувани поединци. Затоа ја предлагаме оваа прецизна формулација која предвидува во редовите на Управниот одбор да се најдат високопрофесионални кадри од областа на енергетиката. Воедно, овие кадри ќе бидат именувани од страна на државни институции кои дејствуваат во областа на енергетиката и економијата и членот треба да гласи дека еден член на Управниот одбор се именува од Министерството за економија, еден член од Министерството за финансии, еден член од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, еден член од АД МЕПСО и еден член од Македонската Академија на Науките и Уметностите. Ако сакаме навистина Управниот одбор на Агенцијата да биде независно тело, тогаш мислам дека нема никаква

пречка да биде прифатен и овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 11 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржано и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

На почетокот реков дека во салата се присутни 61 пратеник.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за бришење на точка 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 за менување на точка 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нова точка 10 по точка 9, поднесен од пратениците Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 ставови 3 и 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за менување на алинеја 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 за бришење на алинеите 2 и 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓа Бонева, имате збор, повелете.

**Силвана Бонева:** Со овој амандман почитувани колеги бараме бришење на две алилнеи, Агенцијата за енергетика на Република Македонија се финансира со средства од Буџетот на Република Македонија и од овие причини сметаме дека во Законот не треба да постои формулација со која е предвидено финансирање со приходи од вршење на други

активности и други извори согласно законот, бидејќи ваквите други активности и извори согласно закон се недоволно прецизни формулации и не кажуваат многу што е тоа и од кои други извори ќе добива средства Агенцијата за енергетика и токму од овие причини предлагаме бришење на овие две алинеи.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повкувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 10 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, и 51 против.

Констатирамдека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2 алинеја 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за менување на воведната реченица и на точка 3, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за менување на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се соглсил повереникот на Владата.

Го молам престставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот. Повелете министре.

**Фатмир Бесими:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Само краток коментар. Имавме 32 амандмани од нив господинот министер прифати 30, со тоа што амандманот 11 од Законодавно-правната комисија на членот 16 став 2 алинеја 2 е многу сличен со амандманот 29 кој што ни беше предложен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски и мислам дека и во овој став, алинејата 4 повторно треба да се избрише затоа што вака како што стои "и други извори согласно закон", веќе претходно ги дефиниравте со членот 16 став 2 алинеја 2 "приходи од вршење на други активности" - се додаваат зборовите: "од областа на енергетиката". И, ако тука завршивме, мислам дека "и други извори согласно закон" апсолутно нема потреба да стои и требаше да најдете начин овие два амандмани заедно да бидат прифатени.

Јас би кажал уште еднаш, во однос на она што беше предложено како текст на закон, кажав уште на почетокот на моето говорење дека ќе претрпи големи измени и ги претрпе измените. 30 амандмани на 21 член кажува како и што беше предложено пред нас, многу ингеренции беа префрлени од Агенција во Влада од Влада во Агенција, мислам дека колегите од позицијата помогнаа во исправката на овој закон што беше претставен пред нас и ќе ја има и нашата поддршка, без разлика дали минисетерот ќе ги прифатеше или немаше да ги прифати овие амандмани. Во секој случај да се надеваме, членовите на Управниот одбор ако бидат претставени пред нас да донесете правилни решенија и луѓе за кои утре ќе можете со чиста совест да кажете дека ќе можат да придонесат за развојот на енергетиката во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, 61 пратеник гласал за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Агенцијата за енергетика на на Република Македонија.

**Минуваме на точката 23. - Предлог за донесување на закон за бирото за развој на образованието.**

Бидејќи нема претставник од Владата од Министерството за образование ќе поминеме на 24-та точка.

Предлагачи на оваа точка се Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ѓорѓи Паљошковски, Никола Груевски, Илија Китановски и Ефтим Манев.

**Минуваме на точката 24. - Предлог за донесување на закон за просветна инспекција со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Мислев дека кога ќе зборуваме за еден закон, еден важен закон како што е Законот за просветна инспекција дека ќе бидат присутни претставници барем од Министерството од образование и наука. Меѓутоа, очигледно вложениот труд на пратениците да направат еден закон и да се обидат да направат нешто добро не заслужува внимание од страна на Владата и навистина сум разочарана од самото Министерство за образование и наука што не дојде да слушне што е тоа што не предизвикало, по една или две недели колку што има од донесувањето на законот за просветна инспекција да влезе веќе во процедура нов закон, подготвен од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

Зошто не поднесовме амандмани на Законот за просветна инспекција кој што беше веднаш во собраниска процедура, би сакала сосема накратко тоа да го образложам, кога во 2003 година беше објавена Нацрт-националната програма за развој на образованието во Република Македонија од 2005 до 2015 година, ние пристапивме кон нејзино детално анализирање. Оценивме дека не се работи за програма, затоа што програмата е документ кој што јасно ги определува постапките што треба да се преземат за да се реализира поставената цел, туку за една од многуте верзии на стратегија на образованието, што се појавија последните години.

Сепак, во оваа Програма откривме идеи што според нашето мислење соодветствуваат со општата цел што си ја имаме поставено како држава да го усогласиме нашиот институционален поредок со европскиот и на тој начин да ги оствариме потребните предуслови за приклучување кон Европа.

Една од тие идеи ја најдовме во Главата насловена "Обезбедување и контрола на квалитетот". Во неа се регистрира оваа состојба во доменот на образованието, се кажува отсуство на кохерентен систем за контрола на квалитетот на централно ниво, отсуство на независно тело надлежно за контрола на квалитетот и недостиг на обучени професионалци за оценување и контрола на квалитетот. Тоа е содржано во Националната програма на страница 42. Во додаток е наведено дека на државно ниво контролата ќе се изведува преку националните тела за евалуација на квалитетот, преку повремена контрола над работата на училиштата, а тоа е проверка на степенот на исполнување на националните стандарди за квалитет и преку екстерното оценување на учениците, наставниците и раководниот персонал.

Во оваа Нацрт-програма никаде не се споменува инспекциски надзор. Од таму бевме многу изненадени со терминологијата на законските акти што ги предложи Министерството за образование и наука после објавувањето на оваа програма.

Тоа беше содржано во предлозите за измена и дополнување на законите за основно образование, за средно образование, како и Законот за просветниот инспекторат. Во сите нив терминот контрола на квалитетот беше заменет со надзор, инспекциски надзор и слично.

Според наше мислење, контролата на квалитетот има неколку основни цели: да се пдоигне нивото на сопствената одговорност на носителите на образовниот процес, да се стекне увид во реалната состојба на постигнувањето во доменот на образованието во државата во целина, да се согледаат варијациите во постигнатиот квалитет во одделните образовни установи и на основа на утврдувањето на овие варијации, континуирано да се унапредуваат образовните стандарди. Понатаму да се откријат оние образовни установи кои постигнале подобри резултати и нивните искуства да им се направат нагледни на сите останати образовни установи и тие да го следат нивниот пример, или да откријат свои сопствени методи за унапредување на образовниот процес.

Постигнувањето на целта на контролата, а тоа е унапредувањето на квалитетот на образованието, претпоставува таа да биде транспарентен процес, како во чинот на нејзиното спроведување, така и во презентацијата на нејзините резултати. Од таму се одлучивме да предложиме закон за просветна инспекција што ќе биде втемелен на неколку принципи: одговорност и професионалност, правичност и транспарентност.

Во Нацрт програмата што ја споменавме, повеќе пати се заговара независно тело надлежно за контрола на квалитетот. Статусот на државниот просветен инспекторот, беше една од големите дилеми со кои се соочивме при изготвувањето на овој закон. Нашите анализи на статусот на просветните инспекторати во еворпските држави, ни откри дека таму се забележува тенденција тие да се оделат од Министерството надлежно за работите на образованието и од едно неутрално стојалиште, да ги анализираат состојбите, што се одговорност на ова Минситерство,како и да предлагаат мерки за нивно подобрување.

Ние, сепак предложивме исто како што ни предложи и Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат во овој момент да биде орган во состав на Министерството за образование и наука. Се надеваме дека нема да помине долго време и ќе се обезбедат предуслови овој член од законот да се промени, така што Државниот просветен инспекторат ќе стане независна институција од Министерството за образование и наука.

Што предлагаме во членовите кои се дадени во Предлог законот за просветна инспекција.

Член 1. Овој член ги открива разликите помеѓу двата законски предлози односно веќе постојниот Закон за просветна инспекција и законот кој ние го предлагаме.

Законот кој беше донесен овде од овој Парламент, ја уредува организацијата, надлежностите и овластувањата на просветната инспекција што ја врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на градот Скопје. Во нашиот Предлог закон, во однос на ова има две разлики.

Прво, во него се нагласува и уредувањето на целите, правата и должностите на просветната инспекција, со особена нагласка на целите.

Второ, не ја третира надлежноста на овластените инспектори затоа што цениме дека децентрализацијата налага надлежностите на локалната власт да се регулираат со посебнизакони.

Овој закон, според нашето стојалиште треба да се однесува на дејноста на Државниот просветен инспекторат, како орган во рамките на централната власт.

Член 2. Во овој член се наведени установите во кои се спроведува инспекција. Во двата закони постои големо преклопување, но исто така и одредено отстапување. Несогласувањето е околу улогата на просветниот инспекторат, во доменот на високото образование.

Во Законот кој го донесовме во овој Парламент пред кратко време, во сисоко образованите и во научните установи инспекцискиот надзор се врши над примената на законите со кои се уредува високо образованата и научната дејност, за прашања уредени со овој закон. Уреденото, со законот кој го предлагаме е дека просветниот инспекторат не врши надзор над постоењето на услови за вршење на дејноста во високо образовните и научните установи, постапката за избор во наставни, научно наставни, научни соработнички звања, спроведување на конкурсот за запишување на студенти, приомена на нормативи за бројот на потребни наставници и соработници и големина на групата на редовни студенти, постапка за донесување на студиски програми во високото образование, примена на законската регулатива во високо образовните и научните установи. Сите овие наведени надлежности во доменот на високото образование и науката, наведени се во законот предложен од Министерството за образование и наука и кој беше усвоен во овој Парламент, но тоа ние го толкуваме како упад во загарантираната автономија на високото образование. Зошто?

Со Законто за високо образование, на високо образовнит еустанови им се гарантира автономијата што во член 2 од овој закон е дефинирана како академска слобода, академско управување и неприкосновеност на автономијата.

Глава 2 од Законот за високо образование детално ги дефинира, содржината и заштитата на автономијата, академската слобода, авономијата на управувањето и неприкосвеноста на автономијата.

Во согласност со способноста на високото образование да ужива автономија, тоа има развиено посебни институции и механизми преку кои го обезбедува своето нормално дејствуање и унапредувањето на квалитетот на образовната дејнсот. Тие се разработени во Глава 4 од овој закон, именувана како обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование.

Со подделовите на оваа Глава, се воведуваат две тела, Одбор за акредитација и Агенција за евалуација, како експертски тела кои вршат одобрување, потврдување и признавање на високо образованата установа, го проценуваат квалитетот на вршење на високо образованата дејност, на управувањето, финансирањето и т.н.

Во Законот широко е разработена технологијата на обезбедувањето и оценувањето на квалитетот. Таа вклучува неколку основни процедури, планирање на дејноста, изготвување годишни и четиригодишни програми за работа, внатрешна евалуација, но и надворешна евалуација.

Одборот за акредитација, Агенцијата за евалуација имаат изготвено повеќе подзаконски акти со кои се определуваат целите и постапката на внатрешната и надворешната евалуација. Оттаму и редицата компетенции кои му се дадени на Државниот просветен инспекторат во доменот на високото образование, ги сметаме како обид за загрозување на автономијата на високото образование. Сепак, и во законот што ние го предлагаме има една алинеја што се однесува на високото образование. Тоа е алинејата 10 од членот 2, според која се спроведува инспекција во иницијалното образование на наставниците. Ќе ги објасниме нашите мотиви за нејзиното воведување.

Според нашето согледување на образованиот систем, тој треба да ги комбинира, централната образовна политика и децентрализираната администрација и менаџмент на училиштата и другите образовни установи. Понатаму централната образовна политика значи дека Минситерството за образование треба јасно да ги дефинира приоритетите на образовниот систем и да изгради механизми за нивно остварување.

Остварувањето на зацртаните приоритети на образовниот систем подразбира, програмите за подготвување на наставници континуирано да се приспособуваат на реформата на образованието што е во тек, а со оглед на тоа што ние во Инспекторатот не гледаме служба која застрашува, туку орган на Министерството за образование и наука, задолжен за обезбедување и унапредување на квалитетот на образованието, цениме дека тој може да ја игра улогата на орган кој ја поттикнува и ја обезбедува континуираната

активна врска помеѓу програмирањето на образованието за наставници и програмите што тие ќе ги реализираат во текот на своето работење како наставници.

Член 3. Во членот 3 од нашиот Предлог закон ги дефинираме целите на просветната инспекција што отсуствува во Законот кој го донесовме пред извесно време. Овде јасно се истакнува дека целта на просветната инспекција е промоција и подигање на стандардите, квалитетот и постигнувањето во образованието, унапредување на информираноста на сите учесници во образовниот процес како и контрола на исполнувањата на носителите на различни улоги во рамкит ена образовнаиот процес преку ко ќе се постигне како напредок на образованието, така и негова усогласеност со потребите на развојот на општеството и економијата.

Член 4. Двете основни дејности на просветната инспекција се дадени во членот 4. Согласно со нашето определување на целите на просветната инспекција за остварувањето на тие цели, колку што се значајни постапките на контролата, толку е значајно и известувањето за она што е констатирано во рамките на контролата.

Изготвувањето на извештаите за реализираното инспекторирање, според нас е исто толку значајно, ккао и реализацијата на самото инспекторирање.

Високото образование во голем број држави во светот подолго време применува технологија за обезбедување и оценување на квалитетот, која се покажала како успешна и затоа се воведува и во пониските степени на образование. Оваа технологија веќе ја споменавме, но нејзините чекори ќе ги повториме уште еднаш затоа што се определивме за нејзино воведување во инспекторирањето на установите,од член 2 на овој закон. Таа има три основни чекори: изготвување на годишни планови за работа усогласени со законската регулатива, внатрешна евалуација и надворешна евалуација. Првите два чекори не се предмет на овој закон, туку на законите за основно и средно образование, ученички стандард, студентски стандард и слично. Затоа и ние доставивме амандмани на споменатите Предлог закони со кои баравме регулирање на постапката за внатрешната евалуација, но за жал овие наши барања преку амандманите не беа земени предвид. Во овој закон на нив посветивме една цела глава. Тоа е Глава 4, насловена како внатрешна евалуација, со членот 17 и 18. Со првиот од овие членови се регулира изготвувањето на развојните планови на образовната установа и спроведувањето на внатрешната евалуација. Членот 18 се однесува на обезбедување координација во изведувањето на споменатите активнсоти на регионално односно на државно ниво. Имено, во услови на децентрализирано образование, кога со новите измени и дополнувања на законите за основно и средно образование е легализирана флексибилноста на наставните планови и програми, без да се даваат јасни рамки на оваа флексибилност, многу е битно за образованието во целина, за да се обезбеди таква координација помеѓу образовните установи која ќе овозможи стандардизирање на инструментите за мерење на квалитетот на образованието.

Надворешната евалуација што ја спроведува Државниот просветен инспекторат се однесува на домените на инспекторирање кои се наведени во членот 5. Овој член соодвествува со членот 9 од Законот кој го изгласавме во овој Парламент, со тоа што овде не се планира инспекторирање во доменот на високо образовните и научните установи затоа што, како што веќе истакнавме, цениме дека тоа е спротивно на загарантираната автономија на високо образовните установи.

Во членот 6 се регулира редовноста на надворешната евалуација. Со него се определува редовна надворешна евалуација и таа треба да се спроведува најмалку еднаш во три години.

Да објаснам зошто се определивме за тригодишен циклус на надворешната евалуација. Тоа е затоа што се залагаме за реализирање на следните две работи.

Прво, деветгодишно основно образование организирано во три тригодишни циклуси, три плус три , плус три, од кои првите два циклуси го прават пониското основно образование, а третиот циклус повисокото основно образование.

Согласно со практиката воспоставена во европските земји чиј пример го имавме предвид, надворешната евалуација се поклопува со движењето на учениците низ овие образовни циклуси. Имено, ќе се спроведе надворешна евалуација еднаш, за време на престојот на секој ученик во посочените тригодишни циклуси.

Второ, во доменот на средното образование се залагаме за задолжително средно образование. Но, со оглед на тоа што четиригодишното средно образование учениците го завршуваат на деветнаесет годишна возраст, а со граѓански статус се стекнуваат на 18 години, може да се спроведе задолжителност во првите три години на средното образование. Од таму и за средното образование го предложивме тригодишниот циклус на надворешна евалуација.

Со член 7 кој може да се споредува со членовите 21 и 22 од Законот кој го изгласавме, се регулираа дополнителните инспекции на училиштето. Тие се спроведуваат на барање на некои од субјектите кои се вклучени или заинтересирани за образованиот процес. Освен тоа овој член упатува на ред постапки што ги спроведуваат инспекторите, со цел да помогнат во унапредувањето на образовниот процес во училиштето во целина, како и во одделните паралелки, до колку се констатираат разлики во квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците во одделни паралелки, а тоа нешто, мора да признаеме, отсуствува во Законот кој го донесовме.

Понатаму, член 8. Членот 8 одговара на членот 26 од Законот кој го донесовме и кој веќе е во

сила. Извештајот кој е опишан во Законот кој го донесовме, треба да содржи вовед, меѓутоа не е кажано што ќе содржи во него, основни податоци за училиштето, податоци за работа на училиштето, добри и лоши страни, препораки и резиме. Со оглед на тоа што ние поаѓаме од ставот дека Извештајот е исто толку значаен дел од инспекторирањето, како и самата постапка на инспекторирањето, во овој член се поместени редица нешта што треба да бидат земени предвид при составување на извештајот. Членот особено упатува на стандардите што се постигнати во образовниот систем, клучните работи што треба да бидат нарпавени за да се подобрат нештата, оценка на менаџментот, оценка за почитување на законската регулатива, промовирање на добрите исксутва што се констатирани во рамките на евалуацијата, предлози, до колку тое е потребно, за подобрување на стандардите. Со една алинеја од овој член се регулира, во извештајот да бидат поместени инфорамции за тоа како добрите образовни установи, самите си ја оценуваат својата работа.

Понатаму членовите 12 и 13 содржат поблиски одредби за начинот на изготвувањето на извештајот.

Во членот 12 јасно се посочува на кои работи треба да се фокусираат составувачите на извештајот за да се избегне пристрасноста, за да се земат предвид ставовите и мисељњата на сите категории учесници во образовниот процес. Како критериум за оценување да се имаат во вид современите сознанија за образовната практика во Република Македонија и други образовни системи, како и да се обезбедат сознанија за самио тобразовен процес во евалуирираната установа, со земање предвид на она што било констатирано претходно и што се констатира во актуелната евалуација.

Во членот 13 се регулира изготвувањето на индикатори и стандарди од страна на надлежното Минситерство, кои се јасно опишани и широко применливи.

Понатаму, членот 9 одговара на членот 15 од Законот кој го донесовме. Во двата закони се предвидува годишен извештај на инспекторатот, но целите на двата извештаи се многу различни.

Годишниот извештај, во Законот за просветен инспекторат кој го донесовме, кој го подготвува директорот на Државниот просветен инспекторат, има за цел да ги идентификува состојбите, но пред се да им даде отчет на минситерот и на Владата, за тоа што работел инспекторатот во текот на годината.

Основната цел на националниот извештај, предложен во овој закон кој што ние го предлагаме е да се направи оценка на националните стандарди за образование и да се дадат препораки за нивно унапредување. Ќе се согласите почитувани колеги дека тоа е приоритета важност за развојот на образованието во државата.

Постапката на евулацијата во законот предложен од Министерството за образование, кој што беше усвоен овде во Парламентот е регулирана со членовите 34, 25, 26 и 27. Во законот што го предлагаме, со членот 10 се упатува на подзаконски акти кои се објавуваат и на ВЕБ страницата на инспекторатот со цел на сите опфатени или заинтересирани за инспекторирањето да им бидат јасни намерата и принципот на сите активности во контекст на инспекторирањето, како и клучните особини на самиот процес на инспекторирањето.

Две нешта што ние ги предлагаме, а отсуствуваат во законот кој што го донесовме во овој Парламент, се регулирани со членот 13. Тоа се: под еден да ги врши тим, кој е составен од претставници на инспекторатот, меѓутоа и од членови на локалната самоуправа и на самата образовна институција.

Дополнувањето на тимот на инспекторите го оценуваме како суштествен предуслов за остварување на основната цел на инспекторирањето, а тоа е да се констатира состојбата на нештата, со цел да се најдат најсоодветните нешта за нивно подобрување.

Транспарентноста на инспекторирањето е многу важен фактор додека се спроведува инспекцијата на сите извршители, јасно им се укажува на квалитетот на нивната работа, поради истата цел, подобрување на нештата.

Со членот 13 се регулира и времето на спроведувањето на инспекцијата да соодветствува со обемот на работата. Имено, не се прецизирани рокови, затоа што за мала образовна установа доволен е само еден ден, додека за поголемите образовни установи, времето на инспекторирањето нужно ќе биде многу подолго.

Нешто што отсуствува од законот кој го изгласа парламентарното мнозинство овде во Парламентот, што ние го цениме како суштествен предуслов за неприкосновеноста на инспекторирањето е регулирано со членот 16. Тоа е надворешната евалуација за работата на самиот Државен просветен инспекторат, која што ја спроведуваат надворешни консултанти од редот на универзитетските професори кои што се именувани од страна на министерот. Значи, треба некој да го согледа работењето преку надворешна евалуација и на Државниот просветен инспекторат.

Нешто што е присутно во законот кој што беше предложен од Министерството за образование и наука содржано во членот 18, а кој што го усвоивме овде во Парламентот, ние оценуваме како крајно несовпадливо со целите на инспекторирањето, а тоа е класифицирањето на податоците до кои што се доаѓа во рамките на инспекторирањето на јавни и тајни податоци и уредување на оние класифицирани како тајни, да се чуваат како државна тајна. Според нас, ништо што се случува во образованието не може да

биде класифицирано и да се држи како државна тајна.

Организационата поставеност за Државниот просветен инспекторат во законот што го предлагаме е дадена во посебна глава која содржи само два члена. Со членот 19 се регулира регионалната основа на организацијата. Скопје е определено како седиште на инспекторатот и има шест регионални центри. При определбата на бројот на регионалните центри, имавме предвид две нешта. Прво, големината на државата, нејзината форма и разместеноста на поголемите градови на територијата на државата. Второ, бројот на регионалните центри во други држави согледани од аспект на бројот на нивното население. Цениме дека со нашите прилики соодветствува определениот број на шест регионални центри. За внатрешната организација на инспекторатот, како и за условите што треба да ги исполнуваат инспекторите се упатува на подзаконски акт. Во главата, пак, за организационата поставеност на Државниот просветен инспекторат само со еден лен, а тоа е членот 20 се регулира можноста за назначување на овластен инспектор на локалната самоуправа, со надлежности на контрола над законитоста на вршењето на оние работи од областа на образованието, кои се надлежност на општината. Наша оценка е дека подеталнии одредби за работата на овластените просветни инспектори не можат да се дадат во закон кој ја регулира работата на орган на Министерството, туку во законите на локалната самоуправа. Од таму и ги оценуваме како непримерни членовите 10, 11, 28 и 29 од донесениот закон.

На крајот, еден член од законот што го предлагаме, членот 21, директно го превзедовме од постојниот закон кој што овде се изгласа во Парламентот пред кратко време. Тој регулира проблематика која во голем дел отсуствува во државите во кои постои изградена свест за важноста на образованието и оттаму отсуствуваат сите оние девијантни појави за кои што се предвидуваат санкции.

Почитувани колеги, преку оваа споредбена анализа мисламд ека доволно укажав зошто ние како пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не доставивме ниту еден амандман кога се носеше законот за просветната инспекција. Мислам дека сега е јасно, целиот концепт на законот кој што во моментов го имаме, не е во согласност со европските стандарди и со целите кои што си ги имаме поставени како држава за развојот на образованието во државата и токму од овие причини се одлучивме да доставиме еден нов законски предлог кој што ќе кореспондира со она што сакаме да го постигнеме во државата, а тоа е унапредување на образованието во Република Македонија, кое што ќе придонесе кон унапредување на севкупните состојби во државата.

Од тие прични ги повикувам колегите пратеници, без оглед на тоа што не бевме почестени со присуство на претставници од Министерството за образование да го чујат образложението и споредбата со членовите што е тоа што недостасува во постојниот закон. Сепак, мислам дека доколку парламентарното мнозинство целта му е развојот на образованието да го поттикнат, мислам дека треба да го поддржат овој законски предлог.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Господинот Анастасовски има три минути реплика.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас мислам дека пратеничката група која го поднесе овој закон подобро требало да поднесе амандмани на претходниот закон кој беше поднесен од Владата и таму да се убедуваат дека така треба да биде во тоа законско решение, бидејќи слушавме на почетокот од предлагачот дека зборуваме за сериозен законски проект. Тоа е така, бидејќи се работи и за образование. Меѓутоа, јас ова образложение навистина го сматрам како експозе за законот предложен од група пратеници, кој од дваесетина члена имавме половина час објаснување. Од една страна, знам дека тоа го имаат право како предлагачи, меѓутоа немаше потреба некој сега да прави одредена паралела на секој член од овој предложен закон со секој член од законот кој беше изгласан од ова Собрание пред извесно време, бидејќи сигурно оној кој имал интересирање и за тој закон кој е од делот на образованието и за овој закон кој е предложен од групата пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, а се однесува на образование, ќе седнел, ќе го прочитал и ќе знаел всушност за што се работи и каде се судираат и резединуваат овие два закони кои се со ист наслов. Значи, од тој аспект јас ова го сфаќам како едно ваше експозе и дојдов во дилема дали да побараме стенограм за тоа, меѓутоа, нема потреба. Значи, верувам и во тоа дека навистина сте вложиле труд да го приготвите овој закон, бидејќи во последно време сте доста активни. Претходно имавте една иницијатива од делот на образование како пратеничка група, наредната точка што е на дневен ред, ако не се лажам, е исто така од вашата пратеничка група и за тоа треба да ви се оддаде признание дека во последно време сте доста активни. Од тој аспект вие требаше едноставно како предлагачи да си ги објасните вашите мотиви, сили и причини за кои го носите овој закон, а не овде сега да ни држите одредени предавања како ние дел од пратениците кои сме присутни во салата го немаме видено тој текст, ни го читате секој член поединечно и ни правите одредени паралели со претходниот закон кој беше изгласан. Затоа, мислам дека не бевте барем во тој дел во право и тоа ви го сугерирам како предлагачи да се задржите само на

мотивите и причините од кои сметаме дека треба да се донесе ова законско решение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Очигледно, колега, не сте ме следеле, јас не ги читав членовите на законот кој што го имаме доставено, ниту пак ги читав членовите кои што се веќе составен дел на законот за просветна инспекција, туку правев анализа преку која што сакав да ви укажам што е нашата цел и цело време потенцирав која е целта на носењето на овој закон. Кажав дека не доставивме амандмани заради тоа што тотално е промашен целиот концепт во законот кој што го донесовте. Ние предлагаме концепт кој што соодветствува со европската пракса. Треба да го усогласуваме нашето законодавство со законодавството на Европската унија. Тоа ние го правиме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓице Грковска имаме уште девет минути, дали ќе ви бидат доволни?

Повелете, имате збор.

**Славица Грковска:** Благдарам претседателе.

Како и многу пати до сега пратеничката група на СДС, би сакала да истакнам и во оваа прилика, им посветува сериозно внимание на иницијативите кои што доаѓаат од пратениците. Меѓутоа, за жал, во овој случај сме доведени во ситуација да не можеме да го прифатиме Предлогот за донесување на закон за просветна инспекција, со Предлог-закон, предложен од група наши колеги. Со оглед на тоа што веќе пред две недели од прилика е на сила Законот и објавен е во Службен весник и веќе почнува да се применува Законот кој што ова Собрание го усвои. Тоа е едниот аспект.

Вториот аспект е дека во тој случај, во ваков случај, предлагачите тогаш требало да размислат за предлози на измени и дополнување на постојниот Закон, со оглед на тоа што за ниеден закон не можеме да кажеме дека е идеален и дека не може да се подобри, особено заради тоа што ние имавме прилика тој закон, претходниот кој што веќе е усвоен и е на сила да го гледаме во две фази доколку го усвоиме како Предлог-закон. Меѓутоа доколку веќе и би можеле да размислуваме за усвојување на ваков закон, би дошле во колизија. Предлагачите не предвиделе во членот 24 дека тој закон би требало да престане да важи доколку се изгласа овој закон. Значи, доколку има пратеници, мнозинство пратеници кои што ќе го поддржат овој Предлог на закон, со членот 24 се предвидува само да престане во сила Законот за просветна инспекција кој што е важеки од 1995 година, меѓутоа, не е важечки во моментот. Значи би се довеле во ситуација два закони за просветна инспекција да важат во исто време, закони кои што ќе се однесуваат на ист орган, а за кои што веќе има надлежности и тоа навистина ќе направи конфузија во функционирањето на овој орган во Министерството.

Од тие причини пратеничката група на СДС нема да го поддржи овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Само како мало појаснување. Доколку има расположение од пратеничката група на СДСМ да го поддржи овој закон, образложението кое што беше дадено воопшто не држи дека требало да предвидиме дека треба да престане да важи законот кој што туку го донесовме, а не Законот од 1995 година кој што упатува на предлог на нашиот Предлог-закон. Ние кога го доставивме овој Предлог на закон во собраниска процедура, сеуште беше во собраниска процедура законот за просветна инспекција предложен од Министерството за образование и наука. Значи, ние не можевме да кажеме во законот да упатиме на закон кој што не е донесен, меѓутоа не претставува никаква пречка и ние сме тие кои го предлагаме законот, сега да внесеме внатре одредба, доколку има расположение од страна на парламентарното мнозинство, тоа е најмалото нешто, кое што може да биде пречка. Инаку, самиот закон до колку вие како парламентарно мнозинство ги почитувате програмите кои што ги носите, вклучувајќи ја Националната програма за развој на образованието тогаш ќе го поддржите Предлогот на законот кој што го нудиме, бидејќи произлегува од таму.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓица Грковска има три минути реплика.

**Славица Грковска:** Мене ми е многу жал што колешката ме сфати погрешно. Членот 24 не е суштинската причина заради која што ние можеме да го прифатиме овој закон. Јас тоа во образложението го кажав, меѓутоа очигледно повеќе ви одговара да го сфатите тој дел, отклку претходно. Несериозно е кога имаме веќе Закон од пред две недели кој што е на сила да предлагаме комплетно нов закон кој ќе ги уредува истите прашања. Доколку сакате да го подобрите тој закон, јас ви препорачувам да предложите предлози на измени и дополнувања на постојниот Предлог-закон и во тој случај сериозно да разговараме за решенијата кои што ги предлагате. Ние имавме можност да расправаме долго за законот за просветна инспекција и сите оние предлози кои што ги имавме, а кои што сметавме дека го подобруваат текстот на тој закон, ги предложивме во вид на амандмани. Мислам дека вакво донесување на ваков закон ќе внесе само забуна во понатамошната пракса.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Бонева има една минута реплика.

**Силвана Бонева:** Значи, повторно ќе појаснам. Паралелно со разгледување на Законот кој што веќе е во сила, во собраниска процедура беше и нашиот Предлог-закон. А, тоа што е прифатен

Предлог-законот од страна на парламентарното мнозинство кој што беше предложен од страна на Министерството за образование и наука, не значи дека некој закон е вечен и дека не може да биде променет.

Токму од тие причини заради тоа што тотално е промашен концептот кој што треба да го следиме натаму во нашето образование, заради тоа и поднесовме целосно нов закон, бидејќи не е возможно амандмански да се интервенира.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието на дополнително продолжение ќе му го предложам заклучокот.

Утре продолжуваме во 15,00 часот со седницата за работни односи, бидејќи претходно имаме Уставна комисија, 15 пратеници се членови на Уставна комисија.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот).